Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година**

Седницата започна во 16:10 часот.

На седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа, членовите на Владата, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Џабир Доко, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, како и Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, претставници од Министерството за финансии.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2023 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

2. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2023 година

3. Предлог-програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2023 година

4. Предлог-програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година

5. Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2023 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

6. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- п.о. Скопје за 2023 година, со дополнување и Предлог-одлука

7. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа и развој за 2023 на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

8. Програма за работа за 2023 година, Финансиски план за 2023 година и Годишна инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие Агро-берза Скопје, со предлог-одлуки

9. Годишна инвестициона програма за 2023 година, Финансиски план за 2023 година и Програма за работа и развој за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со Предлог-одлука и дополнување

10. Инвестициона програма на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Кичево за 2023 година, Финансиски план и Програма за работа за 2023 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Кичево, со Предлог-одлука

11. Годишна инвестициона програма за 2023 година, Финансиски план за 2023 година и Програма за работа за 2023 година на ЈПВ „Лисиче"-Велес, со Предлог-одлука

12. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2023 година на ЈП „Стрежево"-Битола, со Предлог-одлука

13. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2023 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица"-Пробиштип, со Предлог-одлука

14. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2023 година, со Предлог-одлука

15. Инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, со Предлог-одлука

16. Бизнис-план за 2023 година, инвестиционите програми за 2023, 2024 и 2025 година, Финансиската програма за 2023 и Тригодишниот план за периодот 2023-2025 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со Предлог-одлука

17. Финансиска програма за 2023 година на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, со Предлог-одлука

18. Програма за давање на услуги на воздухопловна навигација за 2023 година, Годишен финансиски план за 2023 година и Инвестициона програма за 2023 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог-одлуки

19. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2023 година

20. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2023 година, со Предлог-одлука

21. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

22. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 година, со Предлог-одлука

23. Предлог годишна програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2023 година

24. Предлог стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2023-2025 година

25. Предлог-програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2023 година

26. Предлог-програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година

27. Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2023 година

28. Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2023 година

29. Годишен план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2023 година, со Предлог-одлука

30. Предлог-програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2023 година

31. Програма за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

32. Предлог-програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година

33. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2023 година

34. Предлог акциски план за формирање на задолжителни резерви 2023-2025 година

35. Финансиски план за 2023 година на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

36. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

37. Предлог-програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година

38. Предлог годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година

39. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година

40. Предлог-програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2023 година

41. Предлог-програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2023 година

42. Предлог-програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година

43. Предлог-програма за промоција на обновливите извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2023 година

44. Предлог-програма за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023 година

45. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2023 година

46. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2023 година

47. Предлог-програма за управување со водите за 2023 година

48. Предлог-програма за заштита на природата за 2023 година

49. Предлог-програма за колекторски систем Охрид и Струга за 2023 година

50. Предлог годишна програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година

51. Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година

52. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2023 година

53. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2023 година

54. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2023 година

55. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година и Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година

56. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2023 година

57. Предлог-програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2023 година

58. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2023 година

59. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија во 2023 година

60. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2023 година

61. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2023 година

62. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2023 година

63. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година

64. Кадровски прашања

65. Прашања и предлози

66. Годишен план за работа на Инспекциски совет за 2023 година

67. Годишен финансиски план за 2023 година на ЈУ Центар на образование на возрасните-Скопје

68. Програма за работа на Јавното претпријатие „Национални шуми" за 2023 година, со Финансиски план за 2023 година, со дополнување

69. Годишна програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2023 година

70. Програма за работа и развој на ЈП Колекторски систем за 2023 година

71. Финансиски план на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2023 година

72. Финансиски план на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2023 година, со дополнување

73. Програма за работа за деловната 2023 година, Програма за инвестициони вложувања во 2023 година и Финансиски план за 2023 година на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Северна Македонија, со дополнување

74. Годишна програма за работа за 2023 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост

75. Финансиски план за 2023 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост

76. Финансиски план, Годишна инвестициска програма и План за производство на електрична енергија, на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година, со дополнување

77. Годишна програма за работа за 2023 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

78. Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2023 година

79. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2023 година и Финансиски план на Управата за финансиско разузнавање за 2023 година

80. План за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година

81. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2023 година

82. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2023 година

83. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година

84. Предлог национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2023 година

85. Предлог-програма за поттикнување на сигурноста во снабдување со различни видови на енергија во домаќинствата за 2023 година

86. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2023

87. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2023 година

88. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2023 година

89. Предлог-програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2023 година

90. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2023 година

91. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2023 година

92. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2023 година

93. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024

94. Предлог- програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2023 година

95. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2023 година

96. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година

97. Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри, со Предлог-одлука

98. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година, со Предлог-одлука

99. Годишна програмата за работа на Министерството за култура за 2023 година

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2023 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за развој на спорт и млади за 2023 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2023 година.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година.

**Точка 5**

Владата ги одложи од разгледување Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2023 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- п.о. Скопје за 2023 година, со дополнување и Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-п.о.-Скопје.

**Точка 7**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа и развој за 2023 на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија" за 2023 година, како материјали за информирање.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа за 2023 година, Финансискиот план за 2023 година и Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие Агро-берза Скопје, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот, имајќи ги предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 9**

Владата по Годишната инвестициона програма за 2023 година, Финансиски план за 2023 година и Програма за работа и развој за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со Предлог-одлука и дополнувањето, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје.

2.Ги разгледа Годишната програма за работа и развој за 2023 година и Финансискиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, како материјали за информирање.

**Точка 10**

Владата по Инвестиционата програма на ЈП за водоснабдување „Студенчица" -Кичево за 2023 година, Финансискиот план и Програмата за работа за 2023 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Кичево, со Предлог-одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2023 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Кичево, доколку предлагачот ја усогласи Инвестиционата програма за 2023 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Кичево со Министерството за животна средина и просторно планирање (во однос на табелата „Нови инвестиции", да изостане активност реден број 24, „Изградба на МХЕ на регионалниот водоснабдителен систем Студенчица, делница ПК Барбарас-Прилеп, клуч на рака").

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2023 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Кичево, како материјали за информирање.

**Точка 11**

Владата по Годишната инвестициона програма за 2023 година, Финансиски план за 2023 година и Програма за работа за 2023 година на ЈПВ „Лисиче"-Велес, со Предлог-одлука ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2023 година на ЈПВ Лисиче-Велес.

2. Ги разгледа Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес, како материјали за информирање.

**Точка 12**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2023 година на ЈП „Стрежево“-Битола, со Предлог-одлука.

**Точка 13**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2023 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип, со Предлог-одлука ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за 2023 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и Финансискиот план на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за 2023 година, како материјали за информирање.

**Точка 14**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 15**

Владата по Инвестиционата програма за 2023 година на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје.

**Точка 16**

Владата по Бизнис-планот за 2023 година, инвестиционите програми за 2023, 2024 и 2025 година, Финансиската програма за 2023 и Тригодишниот план за периодот 2023-2025 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционите програми на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје за 2023, 2024 и 2025 година.

**Точка 17**

Владата по Финансиската програма за 2023 година на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансиската програма на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје за 2023 година.

**Точка 18**

Владата по Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација за 2023 година, Годишниот финансиски план за 2023 година и Инвестиционата програма за 2023 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација за 2023 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Ја донесе  Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2023 година  на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ ад Скопје.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма за 2023 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2023 година.

**Точка 20**

Владата по Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2023 година.

**Точка 21**

Владата по Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 22**

Владата по Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2023 година.

**Точка 24**

Владата го донесе Стратешкиот план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2023-2025 година.

**Точка 25**

Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2023 година.

**Точка 26**

Владата ја донесе Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2023 година

**Точка 28**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2023 година.

**Точка 29**

Владата по Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2023 година.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2023 година.

Истовремено, се задолжува Секретаријатот за законодавство на втората наредна седница да ја информира Владата за годишните програми кои се донесуваат согласно член 36, став (5), од Законот за Владата на Република Македонија.

**Точка 31**

Владата по Програмата за работа, Финансискиот план и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја донесе Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 33**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, ја донесе Програмата за основни геолошки истражувања за 2023 година.

**Точка 34**

Владата го одложи од разгледување Акцискиот план за формирање на задолжителни резерви 2023-2025 година, поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 35**

Владата по Финансискиот план за 2023 година на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 36**

Владата по Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Предлог годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година и ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, се задолжува Министерството за транспорт и врски, во дел III од Предлог-програмата, да ги раздвои тековните од новите проекти и да ги алоцира средствата за секој проект одделно.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2023 година.

**Точка 41**

Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност за 2023 година

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година.

**Точка 43**

Владата ја донесе Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2023 година.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година.

**Точка 46**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за управување со водите за 2023 година и ја донесе Програмата за управување со водите за 2023 година со заклучок предлагачот да обезбеди претходна согласност од Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски и потоа да се изврши усогласување на текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата ја донесе Програмата за заштита на природата за 2023 година.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за колекторски систем Охрид и Струга за 2023 година.

**Точка 50**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година

**Точка 51**

Владата ја донесе Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година.

**Точка 52**

Владата ја донесе Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2023 година.

**Точка 53**

Владата ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2023 година.

**Точка 54**

Владата ја донесе Програмата за научно-истражувачката дејност за 2023 година.

**Точка 55**

Владата ги донесе:

1. Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година и
2. Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 57**

Владата ја донесе Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 58**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 61**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 63**

Владата ја донесе Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 64**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 65**

**1.** Владата заклучи заклучоците од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јануари 2023 година, донесени по повод одбележувањето на 4 февруари, денот на раѓањето на Гоце Делчев, Прашања и предлози, да се дополнат со следниот заклучок:

„4. Владина делегација да положи цвеќе и на Споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје“.

**Точка 66**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Годишниот финансиски план за 2023 година на ЈУ Центар на образование на возрасните-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Јавното претпријатие „Национални шуми“ за 2023 година, со Финансиски план за 2023 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Годишната програма со Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Програмата за работа и развој на ЈП Колекторски систем-Скопје за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Финансискиот план на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2023 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ги разгледа Програмата за работа за деловната 2023 година, Програмата за инвестициони вложувања во 2023 година и Финансискиот план за 2023 година на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Северна Македонија, со дополнување, како материјали за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2023 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2023 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“- Скопје, во државна сопственост, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ги разгледа Финансискиот план, Годишната инвестициска програма и Планот за производство на електрична енергија, на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година, со дополнување, како материјали за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2023 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2023 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Планот за годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 82**

Владата ја донесе Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2023 година.

**Точка 83**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 84**

Владата ја донесе Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за поттикнување на сигурноста во снабдување со различни видови на енергија во домаќинствата за 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 86**

Владата ја донесе Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2023 година.

**Точка 87**

Владата ја донесе Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 88**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2023 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 89**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2023 година.

**Точка 90**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 91**

Владата ја донесе Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 92**

Владата ја донесе Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 93**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, за наредната редовна седница на Владата, поради потребата материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 94**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 95**

Владата ја донесе Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 96**

Владата ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2023 година, со Предлог-одлука и заклучи Предлог-одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2023 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија, да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 98**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година, со Предлог-одлука

**Точка 99**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Годишната програмата за работа на Министерството за култура за 2023 година.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**